**ZAJEDNICA UDRUGA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**
**ЗАЕДНИЦА НА ДРУШТВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ**
**ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**
**MACEDONIAN COMMUNITY IN REPUBLIC OF CROATIA**

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎+385 1 48 72 655, ☎/FAX +385 1 48 72 655
Žiro račun 30102 - 678 - 82341, Internet : http://pubwww.srce.hr/makedonci-rh

Наш број: ЗМ - 04 /2001 Загреб, 25.04.2001. г.

# З А П И С Н И К

од 7-та седница на Управниот одбор одржана 20.04.2001. година (петок) со почеток во 11,00 часот во просториите на Заедница на Македонците во Република Хрватаска, Масарикова 16.
Присутни: Илија Христодулов, Иван Качуров, Добривоје Гиновски и Никола Илиевски.
Останати присутни: Горан Стојковски, Вукашин Јовески:
Оправдано одсутни: Благоја Јовановски, Славица Сагадин и Јован Карпузовски

Со седницата председаваше Претседателот на УО Илија Христодулов .По Утврдувањето дека на седницата не присуствуваат доволен број на членови и дека нема услови за донесување на правно важечки одлуки, присутните се договорија седницата да се одржи, а донесените предлог заклучоци кои што се составен дел на овој записник се достават на сите членови на УО на усвојување и верификација.
За работа на седницата се предложи и прифати следниов :

## ДНЕВЕН РЕД

1. Прифаќање на записникот од шестата седница од 28.03.2001. година
2. Информација за решението за суфинансирање на Заедницата.
3. Свикување на редовна годишна и свечена Скупштина на Заедницата,
4. Именување на работна група за измени и дополнувања на Статутот на Заедницата.
5. Именување на комисија за одбележување на 10. годишнината на Заедницата.
6. Изработка на Веб страница на Заедницата
7. Разно.

Ад. 1 Записникот од шестата седница од 28.03.2001. г. е прифатен во целост без приговори и дополнувања.

Ад. 2 Од страна на администраторот на Заедницата В. Јовески присутните се информирани дека со решението на Владата на Република Хрватска од 22.02.2001. година Класа 400-06/0104. Ур. број 5030104-01-1 на Зајединцата на Македонците во Републицка Хрватска ќе се осигура вкупно финансиска помош од Државниот прорачун за 2001. година во износ од 364.000,00 куни. Наведениот износ наменет за суфинансирање на прифатените програми од страна Владата на Р. Хрватска. Во однос на минатата година одобрени се помалку - 36.000,00 куни (решението на Владата на Р. Хрватска за одобрените средства е составен дел од овој записник. Истото е доставено до сите друштва.

**После проведената расправа заклучено е дека како проритети за издавачка дејност во 2001. година се одредуваат следните изданија:**

**- Превод на Збирката на песни од Константин Миладинов - уредник Проф.др.. Борислав Павловски со соработноци,**

**- Кроноligија на Заедницата на Македонците во Република Хрватаска - Мр. сци. Горан Стојковски,**

**- Хрватко-македонски и македонско-хрватски компаратифни речник од Павловски-Стефанија.**

За суфинансирање на горенаведените приоритети од издавачката дејност УО во рамките на одобрените средства ќе изврши прераспределба предлогот ќе биде доставен до Уредот за малцинства на одобрување. УО исто така ќе се ангажира за изнавоѓање и на други, додатни извори на суфунансирање по пат на донации и слично.

Ад. 3 Након спроведената расправа по оваа точка на дневниот ред се донесе следниов заклучок.: седницата на УО како и годишната и свечената Скупштина на Заедницата по повод 10 годишнината на Заедницата ќе се одржи во Загреб на 02.06.2001. година во просториите на Заедницата.

За дневен ред се предлага:

1. Извештај за работата во изминатиот период,
2. Финансиски извештај за минатата година,
3. Поделба на благодарници и признанија.
4. Разно,

**Покрај делегатите на Скупштнината да се повикаат досегашните председатели, подпредседатели и секретари во изминатите десет години.**

Ад. 4 За членови на комисијата за дополнување на Статутот предложени се и прифатени: Горан Стојковски (председатрел), Илија Христодулов, Иван Качуров и Јулијана Коениг, за членови.

**Ад. 5 За раководител на групата за одбележување на 10 годишнината на Заедницата прифате е Иван Качуров со овластување да формира своја работна група која што ќе изработи и припреми програм за одбележување на прославата.**

Ад. 6 Заклучено е да се прифати и реализира изработката на Веб страница на Заедницата според пристигнатата понуда со месечна претплата од 70,00 куни.

Ад. 7 Под оваа точка од страна на Горан Стојковски, Секретар на Советот за националните малцинства присутните се информирана со работата на иститo. Напомена дека е во процес на донесувањето на Уставниот закон За правата на националните малцинства во Р. Хрватска. Констатирано е дека од представниците како во Советот за малцинствата така и во Советот на ХТВ - УО е недоволно информиран, а иднина информациите треба да бидат посодржајни и поредовни.

МКД " Крсте Мисирков " - Загреб да осигура поправка на звончето и чистење на просториите и влезните скали.

НИ/ВЈ

Секретар (записничар) | Претседател:

Никола Илиевски дипл. политолог | Илија Христодулов дипл.инж.

ZAJEDNICA MAKEDONACA ... ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ... ZAGREB ЗАГРЕБ